АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 31-03-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1945 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 март 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 30 март 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);

   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);

   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);

   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);

   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);

   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);

   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);

- **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
- **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа).

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2016 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16, 17 и 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

На 2 март 2016 година, на програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје, премиерите и репризите на епизоди од турските серијали „Sila" и „Hatirla Gönül / Kujtohu" се погрешно означени како програма од Прва категорија и се емитувани во несоодветни програмски термини што ги опфаќаат периодите: од 09 до 10 часот, односно – од 12 до 13, и од 13 до 14 часот. Според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица, поради чести и долготрајни сцени и секвенци (последователни, драматуршки смисловно заокружени глетки / кадри и сцени) на експлицитно прикажано вербално и психофизичко насилство, премиерите и репризите на овие серијали треба да бидат класифицирани како – *Програми од трета категорија, што не се препорачуваат за деца под 12 години*, и со таквата класификација да бидат емитувани само во периодот од 20 до 05 часот, кога е зголемена веројатноста за родителски / старателски надзор, односно кога се намалува бројноста на малолетната телевизиска публика. Со видлива класификациска ознака 12+, треба да бидат емитувани и промотивните најави за споменатите серијали, кои се емитуваат неозначено.

Поради драматуршки мотиви главно засновани на интриги (завист / одмаздољубивост), прикажани низ ретки, но долготрајни сцени/глетки со вербално, психофизичко насилство и со еротика - премиерите, репризите и промотивните најави за серијалот „Avenida Brasil", треба да се означуваат како - *Програма од втора категорија*, а се означени како *програма од Прва категорија.*

*Препорачливо е – саморегулациски, по внимателна уредувачка проценка на ТВ 21-М што ќе се води според насоките од Правилникот, соодветно да се одреди класификациската ознака, односно – програмскиот период за емитувањето на секоја од натамошните епизоди од овој серијал.*

**2 март 2016 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| **Sila**, втора реприза на 14 епизода | 09:05:53 | 09:52:30 |
| **Sila**, премиера на 15 епизода | 17:42:56 | 18:26:33 |
| **Hatirla Gönül / Kujtohu**, реприза на 12 епизода | 12:31:30 | 13:01:27 |

| | | |
|---|---|---|
| **Hatirla Gönül / Kujtohu**, реприза на 12 епизода | 13:08:12 | 13:24:26 |
| **Опис на прекршувањето:** | | |
| Серијалите се погрешно означени како програма од Прва категорија. Според насоките и класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, треба да се означат како програма од Трета категорија (12+) и да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот. | | |

**2 март 2016 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| **Avenida Brasil**, премиера | 15:08:38 | 15:58:18 |
| **Avenida Brasil**, реприза | 23:33:49 | 23:59:59 |
| **Опис на прекршувањето:** | | |
| Серијалот е погрешно означен како програма од Прва категорија. Според насоките и класификациските критериуми од Правилникот за заштита на малолетните лица, треба да се означи како програма од Втора категорија (8+) - програми што не се препорачуваат за деца под 8 години, за чие следење е неопходен надзор од родител/старател. Програмите од втора категорија може да се емитуваат во текот на целото денонокие. | | |

**2 март 2016 година**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| **Hatirla Gönül / Kujtohu**, неозначена најава | 13:27:06 | 13:28:19 |
| **Hatirla Gönül / Kujtohu**, неозначена најава | 15:07:16 | 15:08:28 |
| **Hatirla Gönül / Kujtohu**, неозначена најава | 16:00:01 | 16:01:13 |
| **Sila**, неозначена најава | 13:28:20 | 13:29:16 |
| **Sila**, неозначена најава | 16:09:18 | 16:10:16 |
| **Опис на прекршувањето:** | | |
| Промотивните најави за серијалите не се означени со соодветна предупредувачка сигнализација. | | |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16, 17 и 22 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** во програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 март 2016 година, премиерите и репризите на серијалите: „Sila", „Hatirla Gönül / Kujtohu" и „Avenida Brasil" се означени со погрешна предупредувачка сигнализација, дел од епизодите на серијалите „Sila" и „Hatirla Gönül / Kujtohu" се емитувани и во несоодветни термини од денонокието, а промотивните најави за епизоди од серијалите „Sila" и „Hatirla Gönül / Kujtohu" се емитувани без предупредувачката сигнализација за соодветната категорија програма.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21– М ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи

своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор за почитувањето на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***